# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период јануари - март 2023 година

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-март 2023 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-март 2023 година изнесуваат 3.180.894 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 16%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2022 година бележат раст од 16%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-март 2023 година изнесуваат 4.445.187 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 20%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2022 година бележат раст од 20%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-март 2023 година изнесуваат 2.804.720 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 16%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-март 2023 година изнесуваат 3.938.291 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 20%.

**Дивиденда**

На 3 април 2023 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2022 година, во износ од 701.363 илјади денари, односно 441 денари нето за една акција што во однос на исплатената дивиденда по акција за 2021 година од 396 денари нето е поголема за 11,36%.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари-март 2023 година изнесуваат 346.520 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 59%.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 31.03.2023 година изнесуваат 1.510.982 илјади денари.

**Вработени**

Во периодот јануари-март 2023 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се реализирани 47 нови вработувања во Р.С.Македонија. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2023 година е одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор за вработените во компанијата во висина од нето износ од 36.500 денари. Групацијата АЛКАЛОИД брои 2.678 вработени, од кои 2.039 се во земјата, а 639 се вработени во подружниците во странство.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-март 2023 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Домашен пазар | 835.573 | 27 | 809.311 | 30 | 103 |
| Странски пазар | 2.269.142 | 73 | 1.887.002 | 70 | 120 |
| **Вкупно:** | **3.104.715** | **100** | **2.696.313** | **100** | **115** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| **Домашен пазар** | **1.210.372** | **28** | **1.180.139** | **33** | **103** |
| Југоисточна Европа | 1.249.130 | 29 | 1.216.149 | 34 | 103 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 885.722 | 20 | 352.522 | 10 | 251 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 965.159 | 22 | 825.420 | 23 | 117 |
| Други земји | 36.213 | 1 | 49.396 | 1 | 73 |
| **Вкупно странски пазари** | **3.136.224** | **72** | **2.443.487** | **67** | **128** |
| **Вкупно:** | **4.346.596** | **100** | **3.623.626** | **100** | **120** |

Од вкупните консолидирани продажби, 72% се остварени на странските пазари. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во земјите од Источна Европа и во земјите од Западна Европа.

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Антибиотици | 1.441.595 | 33 | 859.821 | 24 | 168 |
| ОТЦ препарати | 776.255 | 18 | 713.731 | 20 | 109 |
| Кардиолошки препарати | 488.228 | 11 | 533.627 | 15 | 91 |
| Невролошки препарати | 474.335 | 11 | 444.907 | 12 | 107 |
| Други линии | 327.029 | 8 | 267.966 | 7 | 122 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **3.507.442** | **81** | **2.820.052** | **78** | **124** |
| Трговска стока | 398.512 | 9 | 390.814 | 11 | 102 |
| Услуги и останати приходи | 22.131 | 1 | 14.791 | 0 | 150 |
| **Вкупно Фармација** | **3.928.085** | **90** | **3.225.657** | **89** | **122** |
| **Вкупно Хемија** | **93.842** | **2** | **95.514** | **3** | **98** |
| **Вкупно Козметика** | **260.169** | **6** | **218.704** | **6** | **119** |
| **Вкупно Билкарство** | **64.500** | **1** | **83.751** | **2** | **77** |
| **Вкупно:** | **4.346.596** | **100** | **3.623.626** | **100** | **120** |

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **23/22** |
| Единечна ЕБИТДА | 598.921 | 19 | 534.547 | 20 | 112 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 758.445 | 17 | 637.918 | 18 | 119 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **23/22** |
| Единечна Нето добивка | 355.523 | 11 | 298.147 | 11 | 119 |
| Консолидирана Нето добивка | 441.583 | 10 | 361.453 | 10 | 122 |

Остварената единечна нето-добивка во 2023 година изнесува 355.523 илјади денари и во споредба со остварената во 2022 година бележи зголемување за 19%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2023 година изнесува 441.583 илјади денари и во споредба со остварената во 2022 година бележи зголемување за 22%.

**Бизнис-план за 2023 година**

Бизнис-планот за 2023 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на Седницата одржана на 29.12.2022 година, предвидува инвестирање на околу 11% од консолидираните приходи од продажби во материјални и во нематеријални средства, раст од 10% на консолидираните продажби во однос на 2022 година, како и раст од 7% на консолидираниот профит пред оданочување во однос на 2022 година.

Бизнис-планот за 2023 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2023 година, а со тоа и остварените резултати, може да варираат од прикажаните во Бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и новонастанати ризици, генерирани од енергетската и економската криза. Презедовме голем број мерки во досегашниот период, со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози успешното работење на друштвото.

Во согласност со очекувањата, она што доминираше во 2022 година, а продолжува и во првиот квартал од 2023 година е забележителниот раст на цените на голем дел од влезните суровини и материјали, енергенсите, како и порастот на цените на транспортот на глобално ниво, а особено и значителните пролонгирања на роковите за испорака. Сето ова влијае и на стапката на инфлацијата што веројатно како тренд ќе биде уште понагласен во периодот што следи.

Како најголем предизвик и прв приоритет за периодот што доаѓа и понатаму останува грижата за здравјето на вработените, како и одржувањето на тековната ликвидност, на финансиската стабилност и остварување на планските цели.